**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Натпревари по хемија за ученици од средно образование

http://sctm.mk/natprevari-2018-mk.htm

# ПРАВИЛА ЗА ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ПО ХЕМИЈА 2018

## Тек на натпреварот и правила на однесување

1) Натпреварот започнува во **10:00 ч**. Натпреварувачите треба да бидат пред училницата во која ќе се одвива натпреварот најдоцна во **09:30 ч**. Натпреварот завршува во **11:30 ч**. Тестовите предадени по **11:30** ч. нема да се земат предвид за прегледување.
2) Решавањето на целиот тест трае **90 минути**.
3) Максималниот број поени што може да се освојат е **50**.
4) **За точен одговор се добиваат 2 поена, за погрешен одговор негативни 0,25 поена, а за неодговрено прашање 0 поени.**
5) Тестовите се захефтани заедно со коверти. Во секој коверт има ливче на кое ученикот ги пополнува бараните податоци: име и презиме, училиште, ментор итн., а потоа го затвора (залепува) ковертот. На ковертот и на тестот не смее да има никаква ознака која не е поврзана со одговорите на прашањата. Доколку се забележи било каков знак кој не е одговор на прашањата, ученикот ќе биде дисквалификуван.
6) Натпреварувачите се должни да носат со себе сино хемиско пенкало. Тестовите се изработуваат (решаваат) користејќи го хемиското пенкало. **Не е дозволенода се работи со молив**.
7) Забранета е употреба на мобилни телефони (мобилните телефони треба да се остават на катедрата на почетокот на натпреварот и да се се земат по неговото завршување).
8) За решавање на тестот е потребен калкулатор.
9) Забранет е било каков разговор меѓу натпреварувачите.
10) Забранета е употреба на учебници, книги, тетратки, ливчиња, таблица на периодниот систем и слично. Сите потребни податоци се дадени во тестот. Крајниот резултат треба да биде предаден **читко и прегледно**.
11) На прашањата со повеќе понудени одговори од кои еден е точен, **не смее да се врши поправање/преправање** на резултатот. Било какви поправки, шкртаници или заокружени два или повеќе одговори автоматски се оценуваат како погрешен одговор и се бодува со **негативни 0,25 поени.**
12) Ако натпреварувачот сака да постави прашање, го повикува одговорниот наставник (тестатор) во училницата, кој го повикува координаторот преку мобилен телефон. Координаторот, во присуство на уште еден наставник-ментор, одлучува дали треба да одговори на прашањето од ученикот. Прашањето мора да биде поставено тивко, кратко и јасно. Доколку двата наставника заклучат дека прашањето заслужува одговор, координаторот гласно го повторува прашањето и дава одговор кој треба да го слушнат сите ученици во училницата. Во спротивно, повторно гласно, се одговара на пример: „Тоа не е од значење за натпреварот“, „Тоа би требало да го знаеш“, „Токму тоа е прашањето на кое треба да одговориш“ и слично.
13) Натпреварувач што нема да се придржува до некое (или повеќе) од овие правила/препораки, ќе биде исклучен од натпреварот.